Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ........163

**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТОРАКАЛНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на 6.6.2012 година донесе Одлука број 2502-за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***вонреден професор*** за наставно-научната област ***торакална хирургија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

На 10.8.2012 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-167/41 и Решение број 2005-167/ за претседател, 2502-167/ за член и 2502-167/ за член за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната област *торакална хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во состав:

- проф. д-р Живко Попов, претседател, редовен професор;
- проф. д-р Ацо Димов, член, редовен професор,
- проф. д-р Владо Столевски, член, редовен професор.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 6.7.2012 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Андреја Арсовски. Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Кандидатот **д-р Андреја Арсовски** е роден на 20 мај 1960 год. во Скопје, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишува во 1978 година, каде што дипломира во 1984 година со среден успех 8,7. По дипломирањето го завршува лекарскиот стаж, а стручниот испит го положува во 1986 година. На Клиниката за торакална и васкуларна хирургија се вработува во 1988 година. Специјалистичкиот испит по општа хирургија го положува во 1993 година, а супспецијалистичкиот испит по градна хирургија го положува во 1995 година. Од 2002 до 2004 година е директор на Клиниката за торакална и васкуларна хирургија. Во 2004 г. е избран за заменик-министер во Владата на Република Македонија. Во исто време е главен координатор на Проектот за управување со здравствениот сектор во соработка со Светската банка. Од јануари 2005 до октомври 2006 година е генерален директор на Клиничкиот центар во Скопје. Од август 2007 година е стручен директор на ПЗУ Ремедика во Скопје.

### *Наставно-научна дејност*

Д-р Андреја Арсовски е избран за помлад асистент по предметот Хирургија на Медицински факултет при УКИМ во 1990 година, за редовен асистент во 1994 година, за доцент во 2001 година, а за вонреден професор во 2006 година. Бил член на Научниот одбор на Медицинскиот факултет во Скопје. Како асистент и наставник активно и успешно ја изведува практичната и теоретската настава, покажувајќи квалитет во наставата, а исто така и интерес за нејзино континуирано подобрување и унапредување. Своите знаења од хирургијата им ги пренесува и на колегите специјализанти. Стекнува и солидно наставно искуство и како хонорарен наставник по предметот Хирургија во Медицинскиот училишен центар „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје. Во учебната 2011/2012 година предава хирургија

на стоматолози на Европскиот универзитет во Скопје. На Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип хонорарно предава од 2011 година. Бил член на повеќе рецензентски комисии за избор на асистенти и наставници на универзитетите во Скопје и во Штип. Рецензент е на книгата „Болести на вените".

Докторската дисертација на тема „Евалуација на белодробната функција при примена на различни оперативни методи во лекувањето на белодробната ехинококоза" ја одбранил во март 2000 година.

***Стручна дејност***

Стручната активност на д-р Андреја Арсовски доаѓа до израз во неговите секојдневни активности како изграден торакален хирург, при што на Клиниката за торакална и васкуларна хирургија воведува повеќе нови методи од кои најважна е видеоасистирачката торакална хирургија и медијастиноскопијата, како и бројни други. Бил член на комисии за стручни испити на медицински сестри и за лекари. Бил член на Советодавниот комитет на програмата Медицина и здравство на Институтот Отворено општество – Македонија. Во 1995 година е на тримесечен студиски престој во Берлин, Германија. Во март 1997 го посетувал семинарот за хируршка онкологија под водство на Cornell University Medical College – New York кој се одржа во Салцбург, Австрија. Во 1999 и 2000 година бил на стручни престои на Клиниката за торакална хирургија во АКН - Виена. Во 2002 година бил на студиски престој на Ziell Клиника за торакална хирургија во Ванген – Германија. Учествува на Schweitzer Seminar: Hospice and Palliativa Care – a Regional Perspectives, Блед, Словенија, во 2003 година, а во 2004 година на Конференција на Word Bank, MENSA region – Health Care Reforms во Анталија – Турција. Во 2006 година партиципира на workshop Advanced Minimally Invasive Operatying Techniques in Thoracic Surgery во European Surgical Institute во Хамбург, Германија. Учествува на семинарот за Gamma knife radiosurgery and role of stereotactic radiosurgery of brain metastases кој го организираше групацијата Acibadem од Турција. Во истата година присуствуваше на работилницата за карцином на дојка во Охрид. Наредната година беше дел од „Семинарот за Гравесова болест класична техника или употреба хармониског скалпела" во Белград, Србија. Во 2009 година присуствуваше на 1st North American – European Postgraduate Symposium on General Thoracic Surgery (co-organised by AATS and ESTS) во Краков, Полска. Во октомври 2009 година беше на студиска едукација за примена на ласер во лекувањето на варикозните вени во Висбаден, Германија. Во 2010 година беше на тренинг курс за апликација на ласер во торакалната хирургија во Фрајбург, Германија. Истата година беше на едукација за примена на VNUS техника во лекување на варикозни вени во флеболошкиот центар Остервал во Алкмар, Холандија. Во 2011 година беше на 2nd EVF Hands on Workshop on Venous Disease во Виена, Австрија. Истата година го посетуваше и меѓународниот курс Breast Reconstruction and Augmentation во Белград, Србија. Покрај ова активно учествува и на голем број други семинари, работилници, симпозиуми и стручни состаноци во Македонија. Како стручен директор на приватната Општа болница „Ремедика" организира шест стручни состаноци, семинари и работилници кои се акредитирани во МЛД и ЛК на Македонија. Со сопствени трудови учествува на бројни конгреси во Македонија и странство. Партиципирал и на студентски конгреси и летни школи за ургентна медицина.

Во повеќе наврати бил на стручни престои за болнички менаџмент во Турција во различни приватни болници (2007, 2009, 2010, 2011 и 2012 година). Во 2011 година учествува на Светскиот конгрес за здравствен туризам во Истанбул. Во 2012 учествува на Првата работилница за развој на Национална стратегија за развој на здравствен туризам со своја презентација.

Член е на Здружението на хирурзите на Македонија, Македонското респираторно здружение, Европското респираторно здружение (ERS), ESTS – European Society of Thoracic Surgeons.

Претседател е на групацијата на приватните здравствени организации при Стопанската комора на Македонија.

За својата работа има добиено Благодарница од МЛД, Благодарница од Македонската медицинска студентска асоцијација и Плакета од асоопијацијата „Животна искра".

***Публицистичка дејност***

Д-р Андреја Арсовски, уште како студент, а и како активен лекар, покажува интерес за публикување стручни трудови од својата област. До сега има објавено стручни и научни трудови. Во 2005 година, заедно со проф. д-р Бисерка Ќаева ја издал книгата „Болести на плеврата“. Еден е од авторите на „Фармакотерапискиот прирачник“ издаден во 2006 година, како и на првите пет тома на „Упатства за практикување медицина базирана на докази“ од 2006 година.

Многу пати бил гостин на разни едукативни телевизиски и радио емисии од областа на медицината, како и чест гостин на разни трибини со цел за здравствена едукација на нашата популација. Автор е на бројни медицински едукативни текстови во повеќе весници и списанија.

Активно се користи со англиски, руски и српско-хрватски јазик.

Досега кандидатот има рецензирано 84 труда, како автор и коавтор, во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр.546/90, 612/94, 692/97, 780/01, 840/03, 848/03 и 894/06.

1. Арсовски А., Гавриловски М.: Имунолошки поремеќаји при плуќним обољењима. Зборник радова 24. Конгреса студента медицине и стоматологије Југославије, 47, 1982, Доњи Милановац.
2. Арсовски А., Котевски В., Гавриловски М.: *Некои показатели на хуморалниот имунитет кај примарниот белодробен карцином*. Зборник сажетака 25. Конгреса студента медицине и стоматологије Југославије, 81, 1983, Плитвичка Језера.
3. Котевски В., Арсовски А., Глигоровски Лј.: *Електрокардиографски промени при хронична респираторна инсуфициенција*. Зборник сажетака 25. Конгреса студента медицине и стоматологије Југославије, 82, 1983, Плитвичка Језера.
4. Арсовски А., Сајков З., Жантева М.: *Клинички и хемодинамички аспекти на аортната валвуларна инсуфициенција*. Зборник сажетака 26. Конгреса студента медицине и стоматологије Југославије, 107-108, 1984, Цриквеница.
5. Чоланчески В., Чапароски Р., Крцкоски Т., Андреевска Т., Спировски З., Кондов Г., КараѓозовМ., Арсовски А. *Хирургија малигнома дојке*. Книга апстракта 17.конгрес хирурга Југославије, 353, 1989, Сарајево.
6. Чоланчески В., Чапароски Р., Крцкоски Т., Андреевска Т., Трајковска Т., Спировски З., Кондов Г., Караѓозов М., Арсовски А.: *Хируршки поступак код плуќног ехинококуса*. Книга апстракта 17. Конгрес хирурга Југославије, 456, 1989, Сарајево.
7. Чоланчески В., Чапароски Р., Андреевска Т., Спировски З., Арсовски А. Поповска Лј.: *Хируршки третман на белодробен канцер*. Зборник на апстракти од 9. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 142, 1989, Охрид.
8. Чоланчески В., Крцкоски Т., Кондов Г., Арсовски А., Поповска Љ.: *Хируршки третман на белодробната туберкулоза*. Зборник на апстракти од 9. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 183, 1989, Охрид.Трудовите од 1 до 8 се рецензирани во Билтен бр.546 од 30.10.1990 г. на УКИМ.
9. З.Спировски, В. Чоланчески, Т. Траиковска, Г.Кондов, А.Арсовски, Т.Стефановски, С.Јовев: *Рани постоперативни резултати по примена на ресекциони методи при бронхоген карцином*. Зборник на апстракти од 10. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 88, 1991, Охрид.
10. Кондов Г., Чоланчески В., Трајковска Т., Спировски З., Арсовски А.: *Индикации за торакотомија при спонтан пнеумоторакс*. Зборник на апстракти од 10. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 131, 1991, Охрид.
11. Чоланчески В., Трајковска Т., Спировски З., Кондов Г., Арсовски А., Антевски Б.: *Хируршки третман на лобарен емфизем кај дете*. Зборник на апстракти од 10. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 132, 1991, Охрид.
12. Чоланчески В., Арсовски А., Спировски З., Кондов Г., Брашнарова Д.: *Пневмонектомија при хипоплазија на десна пулмонална артерија*. Зборник на апстракти од 10. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 133, 1991, Охрид.
13. Чоланчески В., Јабланов Ј., Србиновски Л., Спировски З., Кондов Г., Трајковска Т., Крстевски З., Жантева М., Лазаров Л., Петровски Б., Насумовски Ј., Коѕевски В.,

Јанакиевски В., Арсовски А., Србиновска Б., Јовев С., Антевски Б.: *Резултати од операции на отворено срце при Кардиоваскуларната клиника - Скопје*. Зборник на апстракти 13. Конгрес на лекарите на Македонија, 33, 1991, Охрид.

14. Андреевска Т., Чапароски Р., Крцкоски Т., Караѓозов М., Арсовски А., Јосифов А.: *Хирургија на секундарните варикозитети*. Зборник на апстракти, 13. Конгрес на лекарите на Македонија, 43, 1991, Охрид.
15. Трајковска Т., Кондов Г., Чоланчески В., Крстевски З., Спировски З., Арсовски А., Антевски Б., Јовев С.: *Динамика на течности и на јонот на калиумот кај пациенти оперирани на срце*. Зборник на апстракти 13. Конгрес на лекарите на Македонија, 135, 1991, Охрид.
16. Кондов Г., Чолачнчески В., Димитриев Д., Трајковски Т., Кондова И., Поленаковиќ Б., Арсовски А., Јовев С., Антевски Б.: *Превенција на дисфункцијата на црниот дроб во тек на операција на срце*. Зборник на апстракти, 13. Конгрес на лекарите на Македонија, 135, 1991, Охрид.
17. Чоланчески В., Трајковска Т., Кондов Г., Спировски З., Арсовски А., Бакалинова Д., Јовев С.: *Хируршка корекција на двоен аркус на аорта (лев доминантен) и дуктус артериосус персистенс со лева дојна лобектомија заради ателектаза*. Зборник на апстракти 13. Конгрес на лекарите на Македонија, 134, 1991, Охрид.
18. Colanceski V., Spirovski Z., Kondov G., Arsovski A., Jovev S., Colanceski R.: *Early results after surgical treatment of bronchogenic carcinoma*. Book of abstracts 18 Panhelenic surgical congress, 86, 1992, Athens.
19. Colanceski V., Spirovski Z., Kondov G., Arsovski A., Jovev S., Antevski B.,Colanceski R., Stavric G.: *Surgical treatment of breast cancer.* Book of abstracts 18 Panhelenic surgical congress, 86, 1992, Athens.
20. Спировски З., Чоланчески В., Кондов Г., Арсовски А., Трајковска Т., Јовев С., Антевски Б., Чоланчески Р.: *Хируршко лекување на бронхиектазии*. Зборник на апстракти 1. Македонски пулмоалерголошки конгрес, 210, 1993, Охрид.
21. Арсовски А., Чоланчески В., Спировски З., Трајковска Т., Јовев С., Чоланчески Р.: *Превенција на постоперативни инфекции во торакална хирургија*. Зборник на апстракти 1. Македонски пулмоалерголошки конгрес, 210, 1993, Охрид
22. Чоланчеки В., Трајковска Т., Спировски З., Кондов Г., Арсовски А., Јовев С., Антевски Б., Чоланчески Р.: *Пулмонална ресекција со локорегионална лимфаденектомија во хируршко лекување на бронхоген карцином*. Зборник на апстракти 1. Македонски пулмоалерголошки конгрес, 304, 1993, Охрид.
23. Чоланчески В., Трајковска Т., Спировски З., Кондов Г., Арсовски А., Јовев С., Антевски Б., Чоланчески Р.: *Хируршки пристап при белодробните ехинококови цисти*. Зборник на апстракти 1. Македонски пулмоалерголошки конгрес, 495, 1993, Охрид. Трудовите од 9 до 23 се рецензирани во Билтен бр. 612/94 на УКИМ.
24. Чоланчески В., Кондов Г., Спировски З., Арсовски А., Јовев С., Антевски Б.: *Хируршки третман на белодробната туберкулоза*. 2.Симпозиум: Актуелни пневмофтизиолошки проблеми, 61-64, 1992, Струга.
25. Colanceski V., Trajkovska T., Spirovski Z., Kondov G., Arsovski A., Jovev S., Antevski B., Colanceski R.: *Pulmonary lung resection with locoregional lymphadenectomia for bronchogenic cancer.* Abstracts, International College of Surgeons, 18th European Federation Congress, 80, 1993, Varna.
26. Spirovski Z., Colanceski V., Trajkovska T., Kondov G., Arsovski A., Jovev S., Antevski B., Colanceski R.: *Late results after surgical treatment of thyroid toxic adenoma*. Abstracts, International College of Surgeons, 18th European Federation Congress, 80, 1993, Varna.
27. Арсовски А., Чоланчески В., Чапароски Р., Крцкоски Т., Андреевска Т., Спировски З., Јосифов А., Чоланчески Р.: *Хируршка терапија на спонтан пневмоторакс од неспецифично потекло*. Мак.мед.преглед, 1993, 47, 155-157.
28. Чоланчески В., Спировски З., Арсовски А., Чоланчески Р.: *Хируршки пристап при белодробната туберкулоза*. Зборник на резимеа, 1. Конгрес на пневмофтизиолозите на Македонија, 27, 1997, Отешево.

29. Арсовски А., Чоланчески В., Спировски З., Чоланчески Р.: *Улогата на торакалната дренажа во лекување на компликации од белодробната туберкулоза*. Зборник на резимеа, 1. Конгрес на пневмофтизиолозите на Македонија, 42, 1997, Отешево.
30. Спировски З., Чоланчески В., Стефановски Т., Арсовски А., Чоланчески Р.: *Торакоскопска хирургија*. Зборник на резимеа, 1.Конгрес на пневмофтизиолозите на Македонија, 84, 1997, Отешево.
31. Кондов Г., Чоланчески В., Димитриев Д., Кондова И., Трајковска Т., Поленаковиќ Б., Спировски З., Арсовски А., Јовев С., Антевски Б.: *Нарушување на функцијата на црниот дроб при операции на срце со користење на вонтелесен крвоток*. Современи аспекти на вирусните хепатити со посебен осврт на хепатитот Ц, МАНУ, 175-180, 1994, Скопје.
32. Арсовски А.: *Експекторирани и руптурирани ехинококови цисти – индикации за итна торакотомија*. Зборник на трудови, 1. Конгрес на хирурзите на Македонија, 58, 1995, Охрид.
33. Арсовски А.: *Оперативна корекција на Pectus excavatum I pectus carinatum*. Зборник на трудови, 1. Конгрес на хирурзите на Македонија, 58, 1995, Охрид.
34. Arsovski A., Colanceski V., Spirovski Z., Antevski B., Jovev S., Kondov G., Colanceski R.: *Urgent thoracotomy in echinococcus dissease of the lung*. Book of abstracts, 12. International Congress of Emergensy Surgery and Intensive Care, September 1995, Oslo, Norway.
35. Spirovski Z., Colanceski V., Kondov G., Arsovski A., Jovev S., Antevski B., Colanceski R.: *Surgical Treatment of Penetrating Wounds of the Heart*. Book of abstracts, 12. International Congress of Emergensy Surgery and Intensive Care, September 1995, Oslo, Norway.
36. Арсовски А., Чоланчески В., Чаоароски Р., Крцкоски Т., Јовев С.: *Дијагностички дилеми при белодробната ехинококоза*. Мак.мед.преглед, 1995, 49, 157-160.
37. Јосифов А., Крцкоски Т., Чапароски Р., Андреевска Т., Караѓозов М., Арсовски А.: *Трауматски аневризми во феморалната регија*. Мак.мед.преглед, 1995, 49, 147-149.
38. Arsovski A.: *The role of thoracoscopy in the evaluation and management of pleural effusion and pneumothorax*. Abstract book, First Mediteranean Congress on Interventional Diagnosis for Thorax Disseases, Op.12, 1992, Rhodes, Greece.Трудовите од 24 до 38 се рецензирани во Билтен бр. 692/97 на УКИМ.
39. Арсовски А., Чоланчески В., Чапароски Р.: *Итни торакотомии при белодробната ехинококоза*. Годишен зборник на Медицинскиот факултет во Скопје, 42 (1-2). 64-68, 1996.
40. Кондов Г., Чоланчески В., Спировски З., Арсовски А., Јовев С., Антевски Б.: *Квадрантектомија на дојката со аксиларна лимфаденектомија во третманот на карциномот на дојката*. 1. Конгрес на радиолозите на Македонија, зборник на трудови, 31, 1995, Охрид
41. Арсовски А., Спировски З., Јовев С., Смилевски Д.: *Улогата на медијастиноскопијата во дијагнозата на саркоидозата*. 2. Конгрес на Македонското респираторно здружение, Зборник на резимеа 1997, Охрид.
42. Арсовски А., Јовев С., Спировски З., Смилевски Д.: *Торакоскопија кај плеврални изливи и пневмоторакс*. 2. Конгрес на Македонското респираторно здружение, Зборник на резимеа,156, 1997, Охрид.
43. *Значењето на предоперативната евалуација на белодробната функција*. 2.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Зборник на резимеа,211, 1997, Охрид.
44. Arsovski A., Krckoski T., Caparoski R., Spirovski Z, Jovev S., Smilevski D.: *Diagnostic and Therapeutical Dilemas (Pulmonary Hydatidosis)*. Archivos Internationales de la Hydatidosis, Vol.32. 103, 1997, Lisboa, Portugal. Трудовите од 41 до 44 се рецензирани во Билтен бр. 721/98 на УКИМ.
45. A.Josifov, R.Caparoski, T.Krckoski, A.Arsovski: *Primary Hidatid Cysts of the Breast (case report)*. Archivos Internationales de la Hydatidosis, Vol.32. 275, 1997, Lisboa, Portugal.
46. A.Arsovski, T.Krckoski, R.Caparoski, Z.Spirovski, S.Jovev, A.Josifov: *Surgical Treatment of Complicated Pulmonary Hydatid Cysts*. Archivos Internationales de la Hydatidosis, Vol.32. 286, 1997, Lisboa, Portugal.

47. Јовев С., Кондов Г., Арсовски А., Спировски З., Јосифов А., Крцкоски Т.: *Хируршки третман на бронхиектазии*. Мак.мед.преглед, 1997, 51, 181-184.
48. Јовев С., Крцкоски Т., Арсовски А., Кондов Г., Јосифов А., Спировски З., Караѓозов М., Антевски Б.: *Наши искуства во дијагностиката и третманот на интраторакалните неврални тумори*. Мак.мед.преглед 1998, 52, 26-29.
49. Јовев С., Арсовски А., Спировски З, Кондов Г., Банев С., Крцкоски Т.: *Анализа на големината на туморот, присутноста на медијастиналните лимфни јазли и краткотрајното преживување кај бронхогениот карцином*. Мак.мед.преглед 1998, 52, 99-103.
50. Спировски З., Арсовски А., Јовев С., Макаловски В.: *Постоперативни инфекции (ПОИ) во торакалната хирургија*. Мак.мед.преглед 1999, 53, супл.39,121, 1999.
51. Арсовски А., Јовев С.,. Чоланчески Р., Цветановски В.: *Оперативно лекување на супурирани белодробни ехинококови цисти*. Мак.мед.преглед 1999, 53, Супл.39,126, 1999.
52. Арсовски А., Спировски З., Јовев С., Антевски Б., Кондов Г., Чоланчески Р., Смилевски Д., Макалоски В.: *Хируршки третман на мезотелиомите на плеврата*. 2.Конгрес на хирурзите на Македонија, Книга на апстракти 58, 2000, Охрид.
53. Кондов Г., Спировски З., Арсовски А., Макалоски В., Антевски Б.: *Можности за рана детекција на белодробниот рак*. 2.Конгрес на хирурзите на Македонија, Книга на апстракти 60, 2000, Охрид.
54. Спировски З., Кондов Г., Арсовски А., Јовев С., Антевски Б.: *Однос помеѓу хистолошкиот тип на примарниот тумор и метастатски променетите лимфни јазли при радикалните белодробни ресекции поради неситноклеточен бронхоген карцином*. 2.Конгрес на хирурзите на Македонија, Книга на апстракти 61, 2000, Охрид.
55. Спировски З., Кондов Г., Арсовски А., Јовев С., Антевски Б.: *Вредноста на правилно одредениот предоперативен стадиум на заболувањето и радикалниот хируршки третман на неситноклеточниот бронхоген карцином*. 2.Конгрес на хирурзите на Македонија, Книга на апстракти 61, 2000, Охрид.
56. Арсовски А.: *Бронхијални фистули по белодробни ресекции*. 2.Конгрес на хирурзите на Македонија, Книга на апстракти 119, 2000, Охрид..
57. Arsovski A.M., Spirovski Z.N., Jovev S.J., Smilevski D.A.: *Urgent Thoracotomy at Echinococcus Disease of the Lung*. The European Journal of Emergency Surgery and Intensive Care 1997, 20. 48-51.
58. Arsovski A., Smilevski D., Caparoski R.: *Respiratory Function at Patients Operated for Pulmonary Hydatidosis*. 6th European Conference on General Thoracic Surgery , 1998, 53, Portoroz, Slovenija.
59. Smilevski D., Arsovski A., Kondov G.: *Thoracoscopic Evaluation and Management of pleural Effusions and Pneumothorax*. 6th European Conference on General Thoracic Surgery , 1998, 76, Portoroz, Slovenija.
60. Kondov G., Colanceski V., Spirovski Z., Arsovski A., Colanceski R.: *Empyeta Associated With Resection of the Lung*. 6th European Conference on General Thoracic Surgery , 1998, 76, Portoroz, Slovenija.
61. Banev S., Jovanovski M., Tolovska M., Ilievski B., Arsovski A., Jovev S., Trencev R.: *Pulmonary Alveolar Proteinosis Acompanied with Cerebral Cystocercosis. A Case Report*. Arch.Anat.Cyto.Path.Clin.Exp.Path.1998. 574.Трудовите од 45 до 61 се рецензирани во Билтен бр.780/01 на УКИМ.
62. A.M.Arsovski, Z.K.Spirovski, G.S.Kondov, S.J.Jovev, B.R.Antevski: *Pulmonary Hydatid Cysts – Surgical Treatment*. European Respiratory Journal 11th ERS Annual Congress, Vol.18, Suppl.33, 363, Berlin 2001.
63. A.M.Arsovski, R.V.Colanceski, D.A.Smilevski: *Surgical Treatment of Bronchiectasis*.
64. European Respiratory Journal 11th ERS Annual Congress, Vol.18, Suppl.33, 458, Berlin 2001.
65. А.Арсовски: *Спонтан пнеумоторакс*. Мак.мед.преглед, супл.52, 79-82, 2002, Скопје. M. Gavrilovski, B.Kaeva, A.ArsovskiZ.Spirovski, G.Kondov, R.Colanceski: *Eosinophylic*

*pleural effusions caused by chest trauma*. European Respiratory Journal vol.439:number #; 344, 2001, Stockholm.
66. S.Banev, R.Jovanovic, P.Cvetkovski, M.Tolovska, Z.Spirovski, A.Arsovski, M.Karagjozov.: *Mediastinal Neoplasmas – 5 Years Retrospective Analysis*. Virchow Archiv; vol.439, number 3:343; 2001, Berlin.
67. A.Arsovski, D.Smilevski, Spirovski Z., G.Kondov, R.Colanceski: *Functional results after surgical treatment of lung hydatid cysts*. European Respiratory Journal vol.439; number 3:343, 2001, Stockholm.
68. A.Arsovski, G.Kondov, D.Smilevski, A.Krstevska: *Complications after gunshot injuries of the lung*. European Respiratory Journal vol.439; number 3:150, 2001, Stockholm.
69. A.Arsovski, G.Kondov, D.Smilevski, A.Krstevska: *Surgical Treatment of Aspergiloma*. European Respiratory Journal vol.439; number 3:345, 2001, Stockholm.
70. D.Smilevski, A.Arsovski, G.Kondov, Z.Spirovski: *Talc Pleurodesis in Recurent Episodes of Spontaneus Pneumothorax*. European Respiratory Journal vol.439; number 3:536, 2001, Stockholm.
71. B.Kaeva, A.Arsovski, T.Capareska, G.Breskovska, T.Stefanovska: *Treatment successes with talc pleurodesis at patients with recurrent malignant pleural effusions*. European Respiratory Journal vol.439; number 3:438, 2001, Stockholm
72. Г.Кондов, З.Спировски, А.Арсовски, Д.Смилевски: *Потреба за рана детекција на белодробен рак*. 3.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Зборник на абстракти, 162, 2003, Охрид.
73. С.Банев, Б.Илиевски, В.Филиповски, А.Арсовски, З.Спировски, Г.Кондов, М.Караѓозов, Б.Антевски, Д.Смилевски: *Плеврални мезотелиоми*. 3.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Зборник на апстракти, 174, 2003, Охрид.
74. З.Арсовски, Д.Докиќ, Б.Каева, Т.Стефановски, А.Арсовски, З.Спировски: *Идиопатски хилоторакс кај 25-годишна бремена жена – приказ на случај*. Мак.мед. преглед 57, 2003.30-34.
75. A.Arsovski, D.Smilevski: *Video-assisted or slurry pleurodesis? Our experience*. European Respiratory Journal vol.22 Suppl 45; 61, Vienna, 2003.
76. Д.Смилевски, А.Арсовски, С.Јовев, Т.Крцкоски, Р.Чапароски: *Талк плевродеза кај малигните плеврални изливи*. Книга на апстракти, 2.Конгрес на хирурзите на Македонија, 132, 2000, Охрид. Трудот 76 е рецензиран во Билтен број 848/90 на УКИМ.
77. V.Filipce, B.Dejanova, Venko Filipce, A.Arsovski: *Biochemical markers in patients with, breast carcinoma*. Turkish Journal of Biochemistry vol.28, number 3: 185, Kusadasi, 2003.
78. S.Nikolovska, A.Arsovski, K.Damevska, G.Gocev, Lj.Pavlova: *Evaluation of two different pneumatic compression cycle settings in the healing of venous ulcers: a randomized trial*. Medical Science Monitor: Vol.11, No.7: 337-343, 2005.
79. Бисерка Каева, Андреја Арсовски: *Болести на плеврата*. Просветно дело, Скопје, 2005. Трудовите од 62 до 79 се рецензирани во Билтен бр.894/06.
80. Г.Кондов, З.Спировски, А.Арсовски, Б.Антевски: *Можност за рана детекција на белодробен рак*. Зборник на апстракти, 2 Конгрес на хирурзите на Македонија стр.60, 2000, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр.830/03 на УКИМ.
81. Г.Кондов, Т.Крцкоски, Л.Манева, З.Спировски, Лј.Ивковски, А.Арсовски, С.Јовев: *Вредноста на квадрантектомијата со аксиларна лимфаденектомија во третманот на малигномот на дојката*. Мак.мед.преглед 55, (1-2), 13-16, 2001 Трудот е рецензиран во Билтен бр.830/03 на УКИМ.
82. Г.Кондов, З.Спировски, А.Арсовски, Д.Смилевски: *Хируршки третман на пектус екскаватум*. Конгрес на МАДОТ, Книга на апстракти, стр 63, 2002, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр.830/03 на УКИМ.
83. Г.Кондов, З.Спировски, С.Банев, А.Арсовски: *Отстранување на белодробни метастази – да или не?* Конгрес на МАДОТ, Книга на апстракти, стр 48, 2002, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр.830/03 на УКИМ.
84. Г.Кондов, З.Спировски, Г.Дамјановски, С.Нетков, А.Арсовски, Д.Гурчинов, Б.Антевски, Д.Смилевски: *Улогата на компјутеризираната томографија во*

*дијагностиката и планирањето на терапијата на промените на градниот кош и органите во него при трауматски flail chest*. Конгрес на радиолозите на Македонија, Книга на апстракти, 4, 2002, Охрид.

Трудот е рецензиран во Билтен бр.830/03 на УКИМ.

***Трудови за рецензија:***

85. Група автори: Фармакотераписки прирачник за лекари, фармацевти и стоматолози. Скопје, Министерство за здравство, Биро за лекови, 2006 (487 – 489)/ Ова претставува капитално дело во доменот на прирачници во нашата медицинска литература. Д-р Арсовски е автор на дел за лековите што се користат при телесни повреди.
86. Арсовски А.: Прирачник за континуирана медицинска едукација (ед.1); Критично болни пациенти: Тимски пристап во лекувањето. Дијагностика и третман на плевралните изливи кај пациенти во интензивна нега 65-70; Скопје, 2006. Во трудот се прикажани дијагностичките методи при постоење на плеврални изливи со што се прави проценка за примена на тераписките модалитети во нивниот третман. Ставен е акцент на спецификите кај болни кои се наоѓаат во единиците за интензивна нега. Трудот е придонес во нашата стручна литература.
87. Мијовиќ М., Арсовски А., Крстевски З., Хаџи-Манчев М., Илиев Б.: Минимално инвазивна корекција на Pectus Excavatum по методата на Nuss. 2.Конгрес на лекарите по општа медицина на Република Македонија. Зборник на апстракти 250, 2008, Охрид.

Во трудот за прв пат се изнесуваат искуствата во Македонија со примена на нусовата метода за корекција на пектус екскаватум. Се дава приказ на методата, индикациите, резултатите и можните компликации. Трудот претставува значаен придонерс во нашата медицинска пракса.

88. А.Арсовски, Ѓ.Зографски, З.Крстевски, М.Хаџи-Манчев: *Синхрон планоцелуларен и аденокарцином на бронх (Collision carcinota) – приказ на случај*. 4.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Книга на апстракти, 10-11, 2008, Охрид.

Трудот претставува приказ на многу интересен и редок патоанатомски ентитет кај бронхогените карциноми. Ретки се описите на вакви случаи во литератутара, така што овој интересен приказ е придонес за стручната јавност. Прикажан е и видот на оперативниот зафат и комплетниот третман што се спроведе кај овој пациент.

89. З.Крстевски, Б.Петровски, С.Јошевска-Јовановска, М.Ловач-Чепујноска, А.Арсовски: *Примена на неинвазивна вентилација преку целосна лицева маска*. 4.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Книга на апстракти, 17-18, 2008, Охрид.

Авторите во овој труд ги изнесуваат своите искуства со примената на неинвазивна вентилација пред сè кај болни кои се претходно оперирани и кај кои се јавила акутна респираторна слабост. Со примената на оваа метода се постигнуваат одлични резултати кои доведуваат до одлични постоперативни резултати и избегнување на компликации.

90. А.Арсовски, М.Стојчевска Чапова, С.Банев, М.Хаџи-Манчев, Б.Илиев. *Хируршки третман на мали непалпабилни лезии на дојките*. 5.Congress of Radiologist of Macedonia with International Participation, Book of Abstracts, 13, 2009, Ohrid.

Во трудот авторите ги презентираат своите искуства во дијагностицирањето, маркирањето и третманот на малите непалпабилни лезии на дојките. Серијата што ја прикажуваат е голема и презентираните резултати во раното идентифицирање на почетните карциноми на дојката многукратно го оправдуваат и фаворизираат оваквиот пристап.

91. М.Стојчевска Чапова, А.Арсовски, С.Банев, Б.Даскалов, В.Филиповски. *Улогата на Core биопсија во раното откривање на карциномот на дојката*. 5.Congress of Radiologist of Macedonia with International Participation, Book of Abstracts, 18, 2009, Ohrid.

Core биопсијата авторите за првпат во Македонија недвосмислено ја поставуваат за златен стандард во дијагностиката на карцином на дојката, особено тоа се однесува на раното откривање на карциномот на дојката. Прикажана е голема серија, техниката на нејзиното изведување и резултатите што се добиени.

92. A.Arsovski: *Pneumothorax*. The First International Summer School on Emergency Medicine, Oficial Course Book, 42-52, 2010, Ohrid.

Овој труд претставува нагледно сумирано прикажување на проблемот со пневмоторакс. Дадени се точните клинички знаци, дијагнпостичките постапки и што е најважно современите поделби од кои произлегуваат и актуелните начини за третирање на оваа акутна состојба. Со оглед на местото каде што е печатено, трудот претставува важна публикација за едукација на студентите и младите лекари.

93. Arsovski A., Stojanovska Lj., Hadzi-Mancev M.: *Laser Treatment of Lung Metastases of Colorectal Carcinoma*. World Colorectal Cancer Conference, Mayo Clinic Days in Vilnius 2012, 20-21, 2012, Vilnius, Lithuania.

Во овој труд авторите прикажуваат серија од болни кај кои по операција на примарниот колоректален карцином, дошло до развој на белодробни метастази. Опишана е методата на ласерска ресекција на метастазите. Дадени се предностите бна оваа современа метода и резултатите кои се постигнати кај овие пациенти. Оваа метода е за прв пат применета за третман на белодробни метастази во регионот и затоа трудот има големо значење за нашата стручна публицистика. На овој собир авторот бил поканет предавач.

94. А.Арсовски, Оровчанец Ѓ., Стојановска Љ., Петревска В.: *Хируршки третман на болестите на тироидната жлезда*. 3.Macedonian Congress of ORL, Abstracts, 35-36, 2012, Ohrid.

Авторите во овој труд прикажуваат серија од 236 оперирани болни со проблеми на тироидната жлезда. Покажани се индикациите и типовите на операциите. Опишана е и примена на посебна оперативна техника со користење на специјален апарат за овие операции. Дадени се резултатите и компликациите од овие оперативни процедури. Трудот претставува придонес во нашата стручна литература.

95. Ѓ.Оровчанец, В.Петреска Дуковска, А.Арсовски, Љ.Стојановска: *Оперативен третман на билатерални парализи на n.recurens*. 3.Macedonian Congress of ORL, Abstracts 93, 2012, Ohrid.

Билатералните парализи на повратниот нерв претставуваат сериозни состојби кои се сериозен проблем во оториноларингологијата. Авторите ја прикажуваат етиологијата и последиците од овие парализи. Понатаму, ги даваат можностите за оперативен третман, резултатите и компликациитре кои се јавуваат кај овие пациенти.

96. А.Арсовски, Љ.Стојановска, М.Хаџи-Манчев: *Торакоскопија – искуствата од ПЗУ Ремедика*. 5.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Книга на апстракти, 95-96, 2012, Охрид.

Торакоскопијата е стара метода која денес се користи не само како дијагностичка, туку и како софистицирана хируршка оперативна метода. Во ПЗУ Ремедика тоа е рутинска интервенција. Во трудот се дадени индикациите за примена на торакоскопијата, начините на нејзино изведување, резултатите, компликациите и предностите од нејзината примена.

97. А.Арсовски, Љ.Стојановска: *Ласерско третман на белодробни метастази*. 5.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Книга на апстракти, 44-45, 2012, Охрид.

Белодробните метастази се чести од примарни карциноми во целото тело, особено кај колоректалните карциноми, карциномите на дојка, бубрези, мекотквивни саркоми и др. Опишани се предностите на ласерските ресекции кои за првпат се применуваат во Македонија и пошироко во регионот. Прикажани се резултатите од овој вид на ресекции, како и следењето на овие пациенти.

98. А.Арсовски, Љ.Стојановска, М.Хаџи-Манчев: *Улогата на медијастиноскопијата во дијагностика на медијастиналната лимфаденопатија*. 5.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Книга на апстракти, 35-36, 2012 Охрид.

Во трудот авторите ја опишуваат цервикалната медијастиноскопија. Изнесени се индикациите, начинот на нејзино изведување. Прикажани се резултатите од медијастиноскопиите кај 29 пациенти. Изнесени се резултатите при што кај сите пациенти е утврдена точна дијагноза, без појава на компликации и хоспитален престој од само еден ден.

99. A.Arsovski, L.Stojanovska: *Surgical Treatment of the Diseases of the Thyroid Gland*. 5.Конгрес на Македонското респираторно здружение, Книги на апстракти, 107-108, 2012, Охрид.

Авторите во овој труд прикажуваат серија од 236 оперирани болни со проблеми на тироидејата. Покажани се индикациите и типовите на операциите. Опишана е и примена на посебна оперативна техника со користење нна специјален апарат за овие операции. Дадени се резултатите и компликациите од овие оперативни процедури. Трудот претставува приндоес во нашата стручна литература.

100. A.Arsovski: *Laser in Surgery*. The Third International Summer School on Emergency Medicine, Official Course Book, 42-47, 2012, Ohrid.

Во овој едукативен труд, со оглед на неговата намена, се дадени основите на ласерската техника и нејзината примена во медицината. Опишани се сите подрачја на хирургијата, каде што се користат ласерите, како и типовите на ласери. Посебен акцент е даден за примената на ласерите во торакалната и васкуларната хирургија. Трудот претставува значаен придонес во нашата едукативна медицинска публицистика.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци во овој извештај, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата смета дека кандидатот д-р Андреја Арсовски поседува стручни и наставно-научни квалитети, исполнувајќи ги притоа условите за избор на наставник во насловното звање насловен вонреден професор од наставно-научната област торакална хирургија.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **да го избере д-р Андреја Арсовски во звањето насловен вонреден професор во наставно-научната област торакална хирургија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Живко Попов, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Ацо Димов, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Владо Столевски, редовен професор, с.р.**

# П Р И Л О Г

## Табела за вреднување на активностите на проф. д-р Андреја Арсовски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

| Ред. број | Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| 9 | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание | 1 | 1 | 1 |
| 10 | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна ТВ програма | 12 | 0,5 | 11 |
| 15 | Член на комисија за одбрана на докторат | 2 | 2 | 4 |
| 16 | Член на комисија за одбрана на магистерски труд и специјалистичка работа | 2 | 1 | 2 |
| 18 | Раководител на семинар | 6 | 2 | 12 |
| 25 | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) за секоја учебна година | | | |
| | Предавања 2011/2012 г. Висока школа, физеотерапевти, стоматолози, медицинари | 10+1 | 1,5 | 16 |
| 27 | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс, 2011/2012 | 3 | 2 | 6 |
| 32 | Статија во наставно-образовно списание | 1 | 4 | 4 |
| | | | | **56** |
| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ+СУ)** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
| 1 | Монографија или научна книга | 1 | 10 | 10 |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | 1 | 6 | 6 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | 2<br>17<br>6 | 9<br>6<br>3 | 18<br>104<br>18 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир во странство/во земјава | 48<br>25<br>2 | 1<br>2<br>3 | 48<br>50<br>6 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир | 2 | 6 | 12 |
| 8 | Одржано предавање по покана на научна институција | 2 | 3 | 6 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 3<br>14<br>3<br>7 | 1<br>1,5<br>1,5<br>2 | 3<br>21<br>4,5<br>14 |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум 3 проекти) | **1** | **2** | **2** |
| 10 | Одбранета докторска теза | | **8** | **8** |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир | **1** | **1** | **1** |
| 22 | Студиски престој во странство | | **8** | **8** |
| | | | | **339,5** |
| **Ред. број** | **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА+ОР)** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 3 | 1 | 3 |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум 3 проекти) | 1 | 5 | 5 |
| 19 | Стручни награди и признанија | 1 | 4 | 4 |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела | 1 | 10 | 10 |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | 5 |
| 28 | Член на факултетски тела, комисија | 3 | 2 | 6 |
| | **ВКУПНО 56+339,5+33 = 428,5 бода** | | | **33** |